Партнерство за Отворена Власт на **Северна Македонија**

# НЕЗАВИСНО ИЗВЕСТУВАЊЕ:
Република Северна Македонија

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ:
**Транспарентност, отчетност, проактивност и инклузивност**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА:
октомври 2021 – октомври 2022

Лилјана Јоноски, Рурална Коалиција

ECE

Во пресрет на подготовката на петтиот Национален акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023 година (НАП за ПОВ 2021-2023), се формираше Мрежа на граѓански организации за ПОВ со цел поорганизирано делување и влијание на граѓанските организации на неговото креирање, како и поттикнување и мониторинг на имплементацијата на постојниот и идните акциски планови.

Со цел обезбедена вклученост на граѓанските организации во поддршка и следење на имплементацијата на НАП за ПОВ 2021-2023, Мрежата за ПОВ учествува и придонесува за воспоставување структура за координација и мониторинг на развојот и спроведувањето на НАП за ПОВ 2021-2023 обезбедувајќи независен мониторинг на имплементацијата.

# СОДРЖИНА

**Извршно резиме:**
**Република Северна Македонија –**
Транспарентност, отчетност,
проактивност и инклузивност ..... 5

**I. Вовед** ..... 8

**II. Имплементација на акцискиот план –**
Транспарентност, отчетност,
проактивност и инклузивност ..... 10

**III. Методологија и извори** ..... 22

**Анекс I.** ..... 23
Преглед на имплементацијата на Транспарентност,
отчетност, проактивност и инклузивност ..... 23

**Анекс II.** ..... 26
Извори/материјали за верификација ..... 26

## ЛИСТА НА СКРАТЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **НАП 5** | Петти Национален Акциски План за Отворено Владино Партнерство |
| **ПОВ** | Партнерство за Отворена Власт |
| **ЕЛС** | Единици на локална самоуправа |
| **ЕСЈН** | Електронски систем за јавни набавки |
| **ЕМБС** | Единствен матичен број на субјект |
| **ЕДБ** | Единствен даночен број |
| **УНДП** | United Nations Development Programme (UNDP) |

Образецот за извештајот го изработи Дарко Антиќ од Здружението ЕСЕ врз основа на обрасците за извештајот на МНИ (механизам за независно известување). Образецот е изработен за подготовка на извештаи, кои се дел од процесот за независно оценување и мониторинг на Акцискиот план за ПОВ на Република Северна Македонија од страна на претставници на граѓанските организации кои се членки на Националната мрежа на ГО за ПОВ.

Здружение за еманципација,
солидарност и еднаквост
на жените - ЕСЕ

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ:

## Република Северна Македонија – Транспарентност, отчетност, проактивност и инклузивност

Активната транспарентност, отвореност на институциите и општините, како и зголемувањето на пристапот на граѓаните до информации од јавен карактер, вклучувајќи ги тука и граѓанските организации, се главните елементи коишто се среќаваат во извештајот. Во најголем дел од заложбите е забележано нивно отпочнување, значителен напредок или пак нивна целосна реализација, особено оние што се поврзани со податоците од фискалната транспарентност, како и обемот на информации што се достапни за граѓанските организации. Политиките и дејствувањето на институциите во државата и понатаму продолжуваат да работат во насока на отворена соработка и вклучување на сите чинители во процесите на донесување на одлуки, особено преку вклучување во работни групи, консултативни процеси, што се одразува и на степенот на имплементација на заложбите дефинирани во НАП 5 во првата приоритетна област. Најголемо подобрување или унапредување е забележано кај објавувањето на податоците за граѓанските организации, како и во делот на објавувањето на информации од јавен карактер од страна на институциите каде што се забележува пораст, па така дури 92 % од институциите како иматели на јавни информации доставуваат извештаи до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер којашто, пак, ги интегрира во сопствените извештаи. Во преостанатиот период се очекува целосна реализација и на заложбите коишто се отпочнати, а не се целосно завршени, затоа што отворената соработка и консултативниот процес на сите чинители е клучен фактор за нивна реализација којшто треба да се има предвид во секој еден процес, а особено кога зборуваме за отвореност и транспарентност на институциите.

## ОПШТ ПРЕГЛЕД НА ПРИОРИТЕТНАТА ОБЛАСТ

Приоритетната област е на добар пат да биде уште повеќе унапредена со реализација на дефинираните заложби, затоа што од 6 различни заложби, 2 се речиси целосно реализирани, а уште 2 се на добар пат до наредната година да бидат исто така целосно реализирани. Онаму каде што реализацијата е на почеток, приоритетната област најмногу зависи од посветеноста на институциите да го остварат тоа за што се согласиле и се заложиле во процесот на кокреирање на планот, како на пример што е поставувањето на едно копче за јавни набавки од страна на сите 80 општини или пак објавувањето на податочни сетови од отворен формат. Како „sвездена заложба“ може да се смета заложбата со којашто се отвораат податоци за граѓанските организации во земјата, а тука блиску може да се стави и заложбата за проактивно објавување на информации од јавен карактер на веб-страниците на институциите, каде што вакви извештаи доставуваат високи 92 % од 1 445 институции како иматели на информации од јавен карактер.

## ТАБЕЛА 1.

| **БРЗ ПРЕГЛЕД** |
|---|
| Приоритетот постои од: 2014 |
| Период на имплементација, кој е предмет на известување: октомври 2021 - октомври 2022 |
| Број на заложби во рамки на приоритетот: 6 |

| **РАЗВОЈ НА ПРИОРИТЕТОТ** |
|---|
| Ниво на отвореност и учество: отворен |
| Гласот на ГО: големо влијание |
| Вклученост на јавните институции: голема |

| **ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА** |
|---|
| Усвоени заложби: #(%) |
| Целосно реализирани заложби: #(%) |
| Ниво на соработка меѓу ГО и јавните институции: високо |

## ПЕТ КЛУЧНИ ПРЕПОРАКИ

Тие имаат за цел да го информираат развојот на заложбите, кои се дел од приоритетот што се оценува во следниот акциски план и да го насочат спроведувањето на тековниот акциски план. Мониторот го препорачува следново:

Целосна имплементација на заложбата поврзана со објавувањето на податоците за вистинските сопственици, со оглед на тоа што тие се достапни во известувањата за склучен договор, а може да се додаде и дополнителна изјава во самата тендерска документација за објавување на вистинскиот сопственик на фирмата којашто ќе го добие тендерот.

Да се забрза процесот на отворање на податоците во општините и да се забрза едукацијата на вработените за управување со ваквите податоци, коишто се од исклучително значење за унапредување на транспарентноста и отвореноста на општините од кои ќе имаат корист сите чинители, вклучувајќи ги граѓанските организации и самите граѓани.

Да се креира посебен дел (таб) за јавни набавки на веб-страниците на општините и институциите, затоа што сите предуслови за тоа се исполнети во претходните НАП, па сега недостасува само имплементацијата, за што и Владата има изгласано заклучок, но него го испочитувале само 9 % од институциите.

Институциите да го следат процесот на користење на динамичките извештаи на граѓанските организации за да се утврди колку овој дел од заложбата ќе даде ефект во реалноста и дали е потребно отворање на овие динамички извештаи и за поширока јавност.

Да се забрза процесот на имплементација на заложбата поврзана со поставувањето на електронските табли и воспоствувањето на унифицирани механизми за вклучување на граѓаните во процесите на донесување на одлуки, како и воспоставување на минимум една иновативна алатка за пристап до информации и поттикнување на вклученоста на граѓаните во општините.

## ЗА АВТОРОТ

**Лилјана Јоноски**, м-р по правни науки, извршна директорка на Рурална Коалиција, зад себе има 15 години работно искуство во секторот земјоделство и рурален развој и е профилиран експерт со длабоко познавање на процесите на реформа на јавната администрација, како и вклучување на правото на родова еднаквост во општественото живеење и пристап до јавните услуги со фокус на руралните средини.

# I. ВОВЕД

Партнерството за отворена власт е глобална иницијатива која ги обединува реформаторите од власта и лидерите од граѓанското општество во креирање акциски планови за властите да бидат поинклузивни, респонзивни и отчетни. Заложбите од акцискиот план во приоритетната област **Транспарентност, отчетност, проактивност и инклузивност** може да се надоградуваат на постојните заложби, да идентификуваат нови чекори за реализација на тековните реформи или да иницираат акција во сосема нова област. Независниот монитор ангажиран за изработка на овој извештај спроведе серија активности за оценка на имплементацијата на заложбите за да се осигура дека властите ќе останат посветени на нивното спроведување. Лидерите од граѓанското општество и од власта ги користат овие евалуации за да се осврнат на сопствениот напредок и да утврдат дали преземените акции имаат влијание врз животот на луѓето.

Република Северна Македонија учествува во ПОВ од 2011 година и досега има усвоено пет акциски планови. Петтиот акциски план (2021 - 2023) ја надминува амбицијата на претходните планови, особено во однос на транспарентноста на јавните набавки, испораката на јавни услуги и пристапот до правда за ранливите групи. Целосното спроведување на планот може да ја направи Република Северна Македонија регионален лидер на Западниот Балкан во клучните области на отворена власт и ги адресира приоритетите од процесот за пристапување во ЕУ. Со оглед на опфатот и обемот на акцискиот план, потребна е тесна соработка меѓу јавните институции и граѓанското општество за постигнување значајни резултати. Заложбите од петтиот акциски план на Република Северна Македонија се организирани во пет тематски области: транспарентност, антикорупција, испорака на јавни услуги, пристап до правда и животна средина и климатски акции. Заложбите покриваат голем број теми, вклучително и јавни набавки, следење на пријавите за имотната состојба на јавните функционери, интегрирање на граѓанските приоритети во испораката на јавни услуги и зајакнување на пристапот до бесплатна правна помош. Република Северна Македонија го спроведува и својот втор акциски план за отворен парламент и првиот акциски план за отворено судство за зајакнување на транспарентноста на судските власти.

Проценката ја направи независниот монитор Лилјана Јоноски, Рурална Коалиција, која ја направи и оваа евалуација. Извештајот има за цел да го информира тековниот дијалог за развивање и спроведување на идни заложби.

Овој извештај ја опфаќа имплементацијата на заложбите во рамките на областа Транспарентност, отчетност, проактивност и инклузивност од петтиот акциски план на Република Северна Македонија за периодот 2021 - 2023.

Ефективното остварување на правата и слободите на граѓаните преку зголемување на одговорноста на институциите е една од основните заложби на Владата на Република Северна Македонија. Имено, зголемувањето на нивото на транспарентност има позитивно влијание од аспект на демократизација на државата и тоа на граѓаните им овозможува да имаат контрола над институциите. Освен тоа, транспарентноста позитивно влијае и врз економскиот развој на државата, но и врз нејзините евроатлантски аспирации. Таа е комплементарна со реформата на јавната администрација и со постигнувањето на сервисната ориентација на јавните органи. Ставајќи акцент на активната транспарентност, а земајќи ги предвид новите трендови и процеси на дигитализација што се случуваат во светот, граѓанското општество во земјава креираше, а потоа во континуитет го имплементираше Индексот на активна транспарентност [1] во Република Северна Македонија. Но, сепак, во последниот извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија [2] е забележано дека кога станува збор за работењето на граѓанските организации и граѓаните потребни се напори за подобрување на транспарентноста во креирањето на политики и инклузивност во консултативните процеси. Правната и финансиската рамка треба уште повеќе да се подобрат и да се спроведат во практиката.

Паралено со ваквата констатација, во Националниот акциски план за периодот 2021 - 2023 година е предвиден приоритетот Транспарентност, отчетност, проактивност и инклузивност, којшто постојано се надоградува низ изминатите национални акциски планови и за предвидениот период ги опфаќа следните заложби:

→ **1.1.** Јавно објавување на вистинските сопственици на фирмите што склучиле договори за јавни набавки;

→ **1.2.** Проактивно објавување на информациите од јавен карактер на веб-страниците на институциите;

→ **1.3**. Објавување на основните информации за јавните набавки на веб- страниците на институциите;

→ **1.4.** Унапредување на пристапот до информации и бројот на објавени отворени податоци во единиците на локалната самоуправа (ЕЛС);

→ **1.5.** Овозможување на бесплатен пристап до податоци за граѓанските организации;

→ **1.6.** Фискална транспарентност и отчетност на локално ниво и подобрување на вклученоста на граѓаните преку иновативни механизми и алатки.

1 https://www.ccc.org.mk/images/stories/akt22.pdf

2 https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117#.Y3E6FHbMJPY

# II. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН – ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ОТЧЕТНОСТ, ПРОАКТИВНОСТ И ИНКЛУЗИВНОСТ

## 2.1. ПРЕГЛЕД НА АКЦИСКИОТ ПЛАН – ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ОТЧЕТНОСТ, ПРОАКТИВНОСТ И ИНКЛУЗИВНОСТ

Со цел да се обезбеди систематизиран начин на планирање и спроведување на процесот на консултација, кој ќе осигура навремен, непречен, инклузивен и транспарентен процес на кокреирање на НАП 2021 - 2023 година, во 2020 година беше утврден начинот на спроведување на процесот на кокреирање на овој НАП, како и постапката за спроведување консултации со засегнатите страни за креирање на нови приоритети и заложби во рамките на процесот за ОВП со временска рамка, Јавен повик за кокреирање на НАП 5 и Насоки за спроведување на прашалник за оценка на имплементацијата на мерките од НАП за ОВП 2018 - 2020 и потребата од нивно вклучување во новиот НАП 5.

Темелено на предвидлива и соодветно уредена постапка на процесот на кокреирање, во септември 2020 година започна процесот на подготовка на петтиот Национален акциски план 2021 – 2023 во којшто, согласно со доставените нови идеи и прашања што треба да бидат разработени во планот, се изврши фузирање, прегрупирање, но и проширување на опфатот на приоритетните области за новиот акциски план, па така првата приоритетна област го доби називот: Транспарентност, отчетност, проактивност и инклузивност.

При развојот на приоритетот беа вклучени претставници на следните институции: Централниот регистар на РСМ, Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, Бирото за јавни набавки, Генералниот секретаријат на Владата на РСМ, како и Министерството за локална самоуправа. Освен институциите, и граѓанските организации што работат во областа беа исто така активно вклучени во дефинирањето на заложбите во рамките на овој приоритет. Согласно со спроведените интервјуа и консултации со членовите на работните групи, немало заложби коишто биле неприфатени, а нивото на соработка и отвореност на институциите и граѓанските организации е мошне високо, што се докажува и со посветеноста и соработката на двете страни не само во процесот на дефинирање на заложбите туку и во процесот на нивна имплементација.

Од заложбите дефинирани во првиот приоритет, со целосна имплементација се карактеризира една заложба, додека, пак, со значителна имплементација може да се сметаат 2 од дефинираните и усвоени заложби. Зголемувањето на нивото на отвореност и заедничка соработка помеѓу институциите и граѓанските организации е позитивниот фактор којшто придонесува за позитивен напредок во имплементацијата, додека, пак, таму каде што е забележан ограничен напредок, најчесто тоа е поради потребата од законски измени или од одредени недоречености во легислативата, како и поради обемните процедури на комуникација помеѓу самите институции.

Видливи промени се забележани особено во заложбите што се поврзани со унапредување на пристапот до информации поврзани со граѓанските организации, како и во заложбите што се однесуваат на објавување и унапредување на пристапот до отворени податоци, а треба да се забележи и активната работа на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и работата на Централниот регистар и Бирото за јавни набавки како институции што се особено посветени на реализација на заложбите коишто се дел од НАП 5 и коишто ги дефинирале заедно со граѓанските организации низ еден отворен пристап на соработка, кој продолжува и во делот на нивна имплементација.

За ѕвездена заложба може да се смета заложбата за овозможување на бесплатен пристап до податоци за граѓански организации, којашто целосно е имплементирана и чијашто надградба или проширување се планира за наредниот акциски план. Фискалната транспарентност и отчетност на локално ниво исто така во наредниот период може да се смета за една од исклучителните заложби која што се очекува да биде со високи достигнувања поради тоа што во реализацијата на истата е вклучена и донаторската заедница. Имено, во рамките на оваа заложба во 18 општини веќе се поставени електронски табли, а ќе се постават уште во 4 општини до крајот на оваа година, со што оваа заложба продолжува од минатиот НАП, а до крајот на овој период фискалната транспарентност треба да се подобри уште во 40 општини. Форумите во заедниците веќе се дефинирани како механизам за учество на граѓаните во процесите на донесување на одлуки, којшто се предвидува да биде воспоставен во дури 40 општини, а оваа заложба добила и трето место на светско ниво во делот на унапредување на транспаретноста и отчетноста.

## 2.2. ЗАЛОЖБИ

### I. Јавно објавување на вистинските сопственици на фирмите што склучиле договори за јавни набавки

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ДИЗАЈНОТ | ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА |
|---|---|
| 1. Заложбата е развиена преку отворен и консултативен процес со учество на релевантните засегнати страни: **ДА**/НЕ | 1. Статус на имплементација: завршена /**ограничена** /не е започната |
| 2. Заложбата е релевантна за ПОВ: **ДА**/НЕ пристап до информации, граѓанско учество, јавна отчетност | 2. Заложбата донела промени во јавниот сектор: ДА/**НЕ** |

На 27-ми јануари 2021 година и во РСМ се воспостави Регистар на вистински сопственици, а сè со цел да се зголеми транспарентноста во сопственичката структура на правни лица и да се исполнат меѓународните станарди и стандардите на ЕУ за борба против перење на пари и финансирање на тероризам. Транспарентноста на податоците од овој регистар овозможува поврзување на податоците за тоа кој го поседува правното лице, кој го контролира и кој има крајна корист од него. Ова помага да се сузбие корупцијата, да се намалат инвестициските ризици и да се зголеми доброто управување.

Заложбата вклучува јавно објавување на информација за вистинските сопственици на фирмите што склучиле договори за јавни набавки на Електронскиот систем за јавни набавки, во делот каде што се објавуваат Известувањето за склучен договор и Договорот за јавна набавка. На овој начин дополнително ќе се спречи корупцијата, односно ќе се спречи јавните пари да завршуваат во приватните џебови на функционерите, функционери, а ќе се спречи и незаконското договарање на фирмите во јавните набавки. Од друга страна, на јавноста ќе ѝ се овозможи да ја следи рационалноста во трошењето на јавните пари, одговорноста, како и вклучувањето на аларм при детектирање на т.н. црвени светла во корупцијата [3].

Имплементацијата на оваа заложба би се дефинирала како ограничена, затоа што е постигнат договор за критериумот за кои договори ќе се објавуваат вистинските сопственици, техничкото решение за преземање и објавување на податоците помеѓу Бирото за јавни набавки и Централниот регистар е изготвено, но тука имплементаторите се соочуваат со првиот предизвик, а тоа е дали објавувањето на податоците за вистинските сопственици е во согласност со законската рамка за

[3] https://ovp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/07/NAP5-PARTNERSTVO-ZA-OTVORENA-VLAST-2021-2023-_-potvrden-od-Vlada-26.10.2021.pdf

заштита на личните податоци или не е. Во моментов е испратено барање за мислење до Агенцијата за заштита на личните податоци за да се изјасни во однос на овој дел, а потоа ќе може да се заврши целосно заложбата, односно вистинските сопственици преку известувањето за склучени договор да бидат објавени и на електронскиот систем за јавни набавки.

Имплементацијата на заложбата е доведена до степен да се реализира последниот нејзин чекор за да се почувствуваат нејзините бенефити, како во однос на отворањето на властите и зголемувањето на транспарентноста, така и во делот на превенција и намалување на корупцијата во јавните набавки. Во моментов сите предуслови за реализација на заложбата се исполнети, додека, пак, рани резултати од имплементацијата на заложбата нема затоа што е потребна целосна нејзина реализација за да може таа да има влијание во општството и директно да придонесе кон решавање на јавниот проблем којшто се адресира со заложбата затоа што станува збор за нов сет на податоци и информации коишто досега не ѝ биле достапни на пошироката јавност и на граѓаните.

Целосната имплементација на заложбата ќе ги отвори властите затоа што станува збор за воведување на нова практика којашто ќе придонесе спречување на корупцијата, подобрен пристап до информации за граѓаните, што ќе биде бесплатен, а се подобруваат и можностите за учество на граѓанските организации во процесите на донесување на одлуки затоа што ќе може да се детектираат коруптивните дејства кога станува збор за јавните набавки, а во исто време ќе се зголеми и јавната отчетност, бидејќи создава и ги подобрува правилата, прописите и механизмите за јавна одговорност на функционерите. До овој момент тоа не е случено затоа што сè уште не е реализирана целосно заложбата, односно не се сè уште јавно објавени вистинските сопственици на фирмите коишто ги добиваат јавните набавки поради предизвиците со законската регулатива во делот на заштита на личните податоци.

## II. Проактивно објавување на информации од јавен карактер на веб-страниците на институциите

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ДИЗАЈНОТ | ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА |
|---|---|
| 1. Заложбата е развиена преку отворен и консултативен процес со учество на релевантните засегнати страни: **ДА**/НЕ | 1. Статус на имплементација: **завршена** /ограничена /не е започната |
| 2. Заложбата е релевантна за ПОВ: **ДА**/НЕ пристап до информации, граѓанско учество, јавна отчетност | 2. Заложбата донела промени во јавниот сектор: **ДА**/НЕ |

Заложбата се однесува на унапредување на т.н. активна транспарентност и зголемување на обемот на информации од јавен карактер коишто институциите ќе ги објавуваат сами без потреба од доставување на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Заложбата вклучува засилени напори од Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер за подобрување на активната транспарентност кај имателите на информации, се очекува со остварувањето на оваа заложба да дојде до зголемување на достапноста на информации од институциите до граѓаните, што пак од една страна ќе го намали притисокот на институциите со доставување на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, но од друга страна ќе овозможи ефективно учество на граѓаните во креирањето на политики, како и унапредување на квалитетот на услуги и информации коишто граѓаните ги добиваат од државните институции [4].

Имплементацијата на оваа заложба може да се дефинира како завршена, иако е процес што ќе се одвива континуирано до крајот на имплементацијата на НАП 5, па и понатаму, затоа што годишни извештаи со вклучени податоци за имателите на информации, институции на национално и локално ниво ќе се објавуваат секоја година. За 2021 година објавен е годишниот извештај за имателите на информации, каде што стои посебен дел за годишните извештаи на имателите на информации, па за 2021 година дури 1 334 институции или 92,32 % ја испочитувале навреме законската обврска за доставување на годишни извештаи до Агенцијата од вкупно 1 445 иматели на информации од јавен карактер. Во извештајот е наведен и трендот од зголемување на бројот на иматели на информации коишто доставуваат навремено извештаи, па така ако во 2020 година 299 институции не доставиле извештаи, во 2021 година тој број е само 111, што пак зборува за ефективноста и ефикасноста на прекршочните одредби коишто се применуваат од Законот, што пак беше потврдено и преку интервјуата со вработените во Агенцијата [5]. Со самото тоа што во извештајот на Агенцијата за слободен пристап на информации од јавен карактер се објавува збирна информација за годишните извештаи на имателите на информации од јавен карактер, како и зголемувањето на бројот на институции коишто доставиле извештаи, оваа заложба може да се смета за целосно реализирана, а доказите се видливи во годишниот извештај на Агенцијата за 2021 година, како и низ отворените податоци објавени за имателите на информации на следниот линк: https://aspi.mk/%d0%b4%d0%be%d0%ba%d1%83%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d1%82%d0%b8/%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%bd%d0%b8-%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d0%b8/

Успешната имплементација на заложбата се должи на посветеноста на институциите, но и на законската обврска за доставување на годишни извештаи, како и применувањето на прекршочни санкции, што пак директно придонесува да се зголеми бројот на иматели на информации коишто доставуваат извештаи до Агенцијата. Од друга страна, отвореноста на соработката на Агенцијата со граѓанските организации, како и заедничката работа во креирањето и имплементацијата на заложбата директно

4 https://dzr.mk/mk/210706-50-od-opshtinite-na-veb-portalite-nemaat-soodvetni-informacii

5 https://aspi.mk/wp-content/uploads/2022/04/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98_MK.pdf

придонесува кон нејзина успешна имплементација. Резултатите од реализацијата на заложбата ќе се видат преку годишниот извештај на Агенцијата за 2022 година и тоа во бројот на барања што се доставени до институциите, времето за нивен одговор итн. Преку ваквото изготвување и објавување на извештаи од страна на институциите ќе им се овозможи на граѓаните и граѓанските организации да имаат поголем увид во степенот на објавување на основните информации од страна на институциите, а со тоа се засилува и притисокот врз институциите за објавување на повеќе информации.

Имплементацијата на оваа заложба ги „отвора властите“ во секој случај затоа што ако во 2016 година пред да почне сериозно да се работи на ова поле просечното објавување на информации било 45 %, денес тоа изнесува 92 % согласно со извештајот на Агенцијата за 2021 година [6]. Со остварувањето на оваа заложба институциите го зголемуваат обемот на информации за одлуките што ги носат, се обелоденуваат информации преку кои граѓаните може да бараат одговорност од институциите, но се објавуваат и информации за услугите што ги користат и им се потребни на граѓаните. Од друга страна, пак, и самите институции на ваков начин го промовираат принципот на добро владеење и интегритет, институцијата станува поодговорна во трошењето на јавните пари и е поефикасна во управувањето со информациите со коишто располага. Оваа заложба придонесува кон транспарентност, затоа што го подобрува пристапот до информации од јавен карактер, но и нивниот квалитет, понатаму е важна за граѓанското учество, затоа што на ваков начин се подобруваат условите и можностите за јавно учество и влијание врз процесите на креирање на политики и носење на јавни одлуки, а придонесува и за подобрување на јавната отчетност, бидејќи ги подобрува правилата, прописите и механизмите за јавна одговорност на функционерите.

## III. Објавување на основните информации за јавните набавки на веб-страниците на институциите

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ДИЗАЈНОТ | ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА |
|---|---|
| 1. Заложбата е развиена преку отворен и консултативен процес со учество на релевантните засегнати страни: **ДА**/НЕ | 1. Статус на имплементација: завршена / **ограничена** /не е започната |
| 2. Заложбата е релевантна за ПОВ: **ДА**/НЕ пристап до информации, граѓанско учество, јавна отчетност | 2. Заложбата донела промени во јавниот сектор: ДА/**НЕ** |

[6] https://aspi.mk/wp-content/uploads/2022/04/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98_MK.pdf

Оваа заложба се надградува, односно се создаваат услови за нејзина реализација и во претходните два НАП, а главниот проблем што го адресира е нискиот процент на инфоримираност на граѓаните за јавните набавки на институциите и трошењето на јавните пари. Податоците за јавните набавки целосно се достапни на Електронскиот систем за јавни набавки, но ретко кој обичен граѓанин го користи системот. Согласно со истражувањата на Центарот за граѓански комуникации, дури 98 % од над 400 испитаници коишто имаат информации за јавните набавки на институциите одговориле дека тие ги добиле од веб-страниците на институциите или пак од општините [7]. Токму и тоа е главната цел на заложбата, преку достапност на информациите за јавните набавки на веб-страниците на институциите да се зголеми информираноста на граѓаните за овие постапки, со што, пак, ќе се обезбеди лесен, брз, едноставен и разбирлив пристап до овој вид на информации.

Кога зборуваме за имплементација на оваа заложба согласно со интервјуата со претставниците на институциите членови на работната група, на 19.4.2022 година Владата на седница донесе заклучок со кој ги задолжи сите институции во рок од 15 дена на своите веб-страници да воведат посебно копче за јавни набавки коешто ќе ги содржи информациите ставени и во заложбата, односно годишен план за јавни набавки со сите негови измени и дополнувања, огласи за јавни набавки (линк од објавата на ЕСЈН), известувања за склучени договори (линк од објавата на ЕСЈН), склучени договори и известувања за реализирани договори (линк од објавата на ЕСЈН) [8]. Согласно со податоците од интервјуто со претставничката на Владата на РСМ, само 120 институции досега имаат постапено по овој заклучок од вкупно 1 332. Дополнителен предизвик во имплементацијата на оваа заложба е што кога станува збор за општините, Владата може само да им препорача да воведат вакво копче, а нема механизам тоа да го направи задолжително. Според целите наведени во заложбата, каде што стои минимум 50 % од институциите треба да имаат вакво копче и да известуваат за јавните набавки, досега тој процент изнесува само 9 %, па затоа и имплементацијата на оваа заложба се смета за ограничена во периодот на мониторинг.

Рани резултати од имплементацијата на заложбата нема затоа што таа сè уште е во период на спроведување. Како фактори што придонеле за слаба имплементација на заложбата е тоа што обврската за задолжително копче за јавни набавки на веб-страниците на институциите е дадена во вид на препорака и заклучок донесени на седница на Владата по кои треба да постапат институциите, но нема мониторинг ниту пак предвидени санкции за тие што нема да го сторат тоа. Освен тоа, како ограничувачки фактор во имплементацијата на оваа заложба е тоа што Владата кон општините може само да даде препорака, а не и да ги задолжи да ја исполнат обврската.

Заложбата ќе ги „отвори властите“ и тоа во една од најсензитивните области на работа, а тоа се јавните набавки, односно трошењето на јавните пари, но само ако се овозможи нејзина целосна имплементација или барем во 50 % од институциите,

[7] https://ovp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/07/NAP5-PARTNERSTVO-ZA-OTVORENA-VLAST-2021-2023-_-potvrden-od-Vlada-26.10.2021.pdf

[8] https://vlada.mk/2022-40

што е поставено како цел во рамките на оваа заложба. Понатамошниот мониторинг на НАП ќе утврди до кој процент на реализација ќе се стигне, со оглед на тоа што сега е само 9 %. Заложбата е важна за транспарентноста, бидејќи таа на граѓаните им овозможува пристап до нови информации и го подобрува квалитетот на информации достапни за нив. Заложбата е важна и за граѓанското учество, затоа што се подобруваат можноста и условите за јавно учество и влијание во процесите на донесување на одлуки, а во исто време ги подобрува и правилата, прописите и механизмите за јавна отчетност на институциите и функционерите.

## IV. Унапредување на пристапот до информации и бројот на објавени отворени податоци во единиците на локалната самоуправа (ЕЛС)

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ДИЗАЈНОТ | ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА |
|---|---|
| 1. Заложбата е развиена преку отворен и консултативен процес со учество на релевантните засегнати страни: **ДА**/НЕ | 1. Статус на имплементација: завршена /**ограничена** /не е започната |
| 2. Заложбата е релевантна за ПОВ: **ДА**/НЕ пристап до информации, граѓанско учество, јавна отчетност | 2. Заложбата донела промени во јавниот сектор: ДА/**НЕ** |

Транспарентноста и отвореноста на ЕЛС сè уште се на ниско ниво затоа што поголем број општини не ги објавуваат податоците кои им се законска обврска, а многу е низок процентот на граѓани, но и на јавни службеници коишто се запознаени со термините на отворени податоци и корист од нивна употреба. Постои потреба од обезбедување на полесен пристап до информации за работењето на локалната власт, поттикнување на инклузивниот пристап во процесот на донесување на одлуки и објавување на поголем број податоци во отворен формат, што е и главната цел на оваа заложба. Подоброто разбирање на концептот на отворени податоци на локално ниво, како и зголемување на свесноста за корист од нивната употреба се главните цели за коишто се залага оваа заложба.

Имплементацијата на оваа заложба се смета за ограничена затоа што е реализиран само еден нејзин дел, односно општините учествуваат во истражувањето на фондацијата Метаморфозис за 2021 година, кога се изготвува и извештајот за Индексот на отвореност на општините, којшто во просек изнесува 25 %. Како општини што имаат најголем индекс на отвореност се сметаат: Охрид (51 %), Василево (48 %) и Кочани (48 %), додека, пак, најниско рангирана е Пласница со само 3 %[9]. Останатите 2 сегменти од заложбата, односно спроведувањето на обуки со вработените во општините за

[9] https://metamorphosis.org.mk/aktivnosti_arhiva/indeks-na-otvorenost-na-lokalnata-samouprava-2021-godina/

управување со податочни сетови во отворен формат, како и објавени минимум 5 податочни сетови од отворен формат во 30 општини ќе се реализираат до крајот на имплементацијата на НАП 5 согласно со исказите на членовите на работната група коишто беа интервјуирани во рамките на мониторингот.

Рани резултати од имплементацијата на заложбата нема затоа што таа не е целосно реализирана, особено во нејзиниот главен дел затоа што резултатите од спроведувањето на заложбата ќе бидат видливи по внесувањето на отворените податоци во 30 општини, како што е наведено во заложбата, што пак би требало да резултира со зголемен индекс на отвореност на тие општини, што ќе се види и од извештајот за 2022 година, па и понатаму. Отвореноста за соработка со општините, како и нивната посветеност за унапредување на транспарентноста и отвореноста се сметаат за клучен фактор за успешна реализација на заложбата, согласно со исказите на интервјуираните, но исто така треба да се земат предвид и техничките капацитети и човечките ресурси со коишто располагаат, особено помалите општини, што пак е и еден од факторите да се има слаба реализација на заложбата.

Заложбата ќе ги „отвори властите" по нејзината целосна имплементација затоа што се воведуваат нови практики во работењето на локалните власти и отворање на голем број податоци коишто не само што ќе бидат во отворен формат туку и директно ќе придонесат, од една страна, за зголемена информираност и можност за учество на граѓаните во процесите на донесување на одлуки, а од друга страна ќе се намали притисокот и врз самата општина, како со барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, така и во поглед на квалитетот на информациите коишто ги нуди општината и нејзината ефикасност и ефективност во опслужувањето на граѓаните.

## V. Овозможување на бесплатен пристап до податоци за граѓанските организации

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ДИЗАЈНОТ | ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА |
|---|---|
| 1. Заложбата е развиена преку отворен и консултативен процес со учество на релевантните засегнати страни: **ДА**/НЕ | 1. Статус на имплементација: **завршена** /ограничена /не е започната |
| 2. Заложбата е релевантна за ПОВ: **ДА**/НЕ пристап до информации, граѓанско учество, јавна отчетност | 2. Заложбата донела промени во јавниот сектор: **ДА**/НЕ |

Различните програми, институции или пак донаторите формираат различни адресари на граѓански организации со различен вид на податоци кои им се достапни и коишто ги прибираат по различни основи. Во моментов постои опција за пребарување на граѓански организации без финансиски надомест на веб-страницата

на Централниот регистар со следниве податоци: ЕМБС, ЕДБ, целосен назив, скратен назив, датум на основање, правна форма, правен статус, адреса, како и дополнителни информации (во стечај/во ликвидација), претежна дејност и големина, но ги нема деловите за основачи, овластени лица, цели и области на дејствување итн. Потребата од создавање на посебни регистри, односно бази на податоци во отворен формат се јавува поради недостиг на пристап до отворени податоци за граѓанските организации што се евидентирани во Централниот регистар на РСМ, а коишто корисниците ќе може да ги пребаруваат по различни основи и категории.

Имплементацијата на оваа заложба се смета за речиси целосно завршена затоа што е објавена листа со податоци за граѓанските организации во отворен формат којашто се ажурира на месечно ниво и што е едно од поголемите достигнувања што ја унапредува овозможувачката средина во која работат граѓанските организации. Листата е достапна на: https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/gragjanski-organizatsii, каде што се внесени податоците за 14 685 граѓански организации. Понатаму, како сегменти од имплементацијата на заложбата е ажурирањето на листата кое, како што ни беше пренесено од Централниот регистар, се врши на месечно ниво, потоа формирана е работна група помеѓу институциите и Генералниот секретаријат на Владата, како и Одделението за соработка со невладини организации за изготвување на формати на динамички извештаи коишто ќе може да ги користат институциите. Ваквите извештаи се веќе достапни за институциите, а во тек е спроведување на обуки за државните службеници за користење на ваквите динамички извештаи за граѓанските организации. Можеби како ограничувачки фактор во резултатите од реализацијата на заложбата, односно колку ваквите динамички извештаи ќе бидат користени од нивна страна е слабиот интерес на државните службеници за обуките, но и потребата од потпишување на меморандум за соработка помеѓу институцијата и Централниот регистар за да може институцијата и службениците да добијат пристап до ваквите динамички извештаи.

Како фактори што придонеле за успешна реализација на оваа заложба во најголемиот нејзин дел се отвореноста и посветеноста во работата на институциите заедно со граѓанските организации. Заедничкиот интерес е согледан и во негова корист е имплементиран најголем дел од заложбата. Рани резултати од имплементацијата не се видливи иако сигурно ги има, со оглед на тоа што сега и самите граѓански организации и институциите и донаторската заедница имаат увид во обемот и видот на граѓански организации со коишто располага нашето општество, па тие може да се искористат за креирање на партнерства, консултации итн. Како фактор за слаба реализација на заложбата во еден дел е прашањето колкав ќе биде интересот на службениците и на институциите да ги користат ваквите динамички извештаи, а во овој период затоа што се во тек обуките за државни службеници сè уште не е достапен бројот за преземени извештаи од страна на институциите.

Заложбата е важна затоа што ја унапредува транспарентноста на граѓанското општество и не е директно поврзана со практиките за отвореност на институциите, но го овозможува отворениот пристап на податоци за граѓанските организации. На ваков начин се подобрува квалитетот и пристапот до бесплатни и јавни

информации коишто се достапни на една централна локација и освен индивидуално пребарување можно е и аналитично користење на податоците, а тоа го олеснува и административниот товар на организациите при аплицирање за финансиски средства од јавни и приватни донатори. Исто така, преку имплементацијата на оваа заложба се зголемуваат и можностите за граѓанско учество, бидејќи на институциите им се достапни податоци според кои можат да направат тематско, географско, типско и друг вид на мапирање на граѓанските организации, со цел нивно вклучување во процесите на креирање и следење на јавните политики.

## VI. Фискална транспарентност и отчетност на локално ниво и подобрување на вклученоста на граѓаните преку иновативни механизми и алатки

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ДИЗАЈНОТ | ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА |
|---|---|
| 1. Заложбата е развиена преку отворен и консултативен процес со учество на релевантните засегнати страни: **ДА**/НЕ | 1. Статус на имплементација: **завршена** /ограничена /не е започната |
| 2. Заложбата е релевантна за ПОВ: **ДА**/НЕ пристап до информации, граѓанско учество, јавна отчетност | 2. Заложбата донела промени во јавниот сектор: **ДА**/НЕ |

Доброто владеење на локално ниво подразбира подобрување на процесите во функција на поефективно и поекономично испорачување на јавните услуги, со обезбедување на целосна транспарентност и отчетност, како и вклучување на граѓаните во донесувањето на одлуките. Потребата од подигнување на нивото на транспареност и отчетност на локално ниво е потенцирана во речиси сите извештаи и стратешки документи на националните институции, а напредокот во оваа област се бележи и преку истражување на јавното мислење за задоволството на услугите на локално ниво, како и за запознавање на граѓаните за достапноста до информациите и за начинот на кој се трошат буџетските средства во нивната општина. Во декември 2020 година Владата донесе заклучок со кој ги задолжи министерствата да ја подобрат нивната активна транспарентност, со акцент на финансиската транспарентност, особено во реализација на средствата од буџетот. Ваквата обврска за министерствата Владата на истата седница ја препорачува и за општините.

Главната цел на заложбата што е усогласена помеѓу институциите и граѓанските организации е дефинирана дека преку воведување на иновативни механизми и алатки ќе се придонесе директно кон подобрување на фискалната транспаретност и отчетност на единиците на локалната самоуправа и вклученост на граѓаните во донесувањето на одлуки на локално ниво.

Имплементацијата на оваа заложба треба да биде завршена во 10 општини согласно со исказите во интервјуата од страна на претставниците на УНДП и Министерството за локална самоуправа до крајот на оваа година, односно ќе бидат поставени електронски табли врз основа на позитивниот пример од претходната фаза во реализацијата на проектот со поддршка на УНДП, каде што во 18 општини има вакви табли, а во 6 дополнително ќе се поставаат по нивна сопствена иницијатива при што ваквата иницијатива има добиено и трето место на светско ниво како иницијативи за ОВП на локално ниво. Како заедничка алатка којашто ќе се користи за учество на граѓаните во процесите на донесување на одлуки на локално ниво преку соодветна претставеност со акцент на ранливите и маргинализираните групи на граѓани во 20 општини се избрани форумите во заедниците, па предвидено е во вкупно 40 општини да се реализираат вакви форуми во заедниците како редовни механизми за консултација на граѓаните со општините.

Од оваа заложба не се видливи „рани резултати“, затоа што нејзината имплементација е на самиот почеток со оглед на тоа што претставува продолжување на проект што го води УНДП и кој во неговата претходна фаза обезбедил табли за вкупно 18 општини. Но, од она што претходно е утврдено, ваквите табли придонесуваат за унапредување на информираноста на граѓаните за фискалната транспарентност на општините, при што граѓаните, како и членовите на Советот, па и вработените добиваат лесно разбирливи информации коишто им овозможуваат активно да се вклучат во процесот на донесување на одлуки. Успешната реализација и на оваа заложба е загарантирана со тоа што нејзината реализација е поддржана од донаторската заедница, а и воведувањето на механизмот на форуми во заедниците е загарантиран со финансирање на дел од изгласаните приоритети, што исто така може да се смета како фактор кој придонесува кон успешна реализација на заложбата.

Заложбата согласно со резултатите и имплементацијата од претходниот НАП значително придонесува кон „отворање“, особено на локалните власти, со што се обезбедува зголемен пристап на граѓаните до информации од јавен карактер, но и она што е поважно, станува збор за информации коишто се лесно достапни, а во исто време и разбирливи за обичниот граѓанин и тоа токму во делот на фискалната транспарентност. На ваков начин се подобрува можноста за учество на граѓаните во процесите на донесување на одлуки и во креирањето на буџетот на општините.

# III. МЕТОДОЛОГИЈА И ИЗВОРИ

**Информациите за овој извештај се добиени врз основа на неколку методи и тоа:**

Консултирање на документи и стратегии што се поврзани со приоритетот на којшто се однесува овој извештај, како:

→ Стратегија за транспарентност на Владата на РСМ (2019 - 2021) - https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/strategija_za_transparentnost_mk.pdf; Стратегија за реформа на јавната администрација (2018 - 2022) - https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/1587

→ Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер - http://www.ippo.gov.mk/docs/xFiles/articles/zakonZaSlobodenPristapDoInfo/zakonZaSlobodenPristapDoInfo.pdf

→ Извештај на Европската комисија за напредокот на Северна Македонија за 2021 година - https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117#.Y3E6FHbMJPY

→ Анализа на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со препораки за унапредување на системот за слободен пристап до информациите - https://aspi.mk/wp-content/uploads/2022/10/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%97%D0%A1%D0%9F%D0%98%D0%88%D0%9A-%D1%81%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%BA%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BC%D0%BE%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B1%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF-%D0%B4%D0%BE-%D0%B8%D0%BD%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%B8%D1%82%D0%B5.pdf

→ Индекс на отвореност на општините за 2021 година - https://metamorphosis.org.mk/aktivnosti_arhiva/indeks-na-otvorenost-na-lokalnata-samouprava-2021-godina/

→ Индекс на активна транспарентност за 2021 година - https://www.ccc.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=441%3A-2021-&lang=mk

→ Претходни верзии на НАП - https://ovp.gov.mk/%d0%bd%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%be%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%b5%d0%bd-%d0%b0%d0%ba%d1%86%d0%b8%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d0%bb%d0%b0%d0%bd-%d0%b7%d0%b0-%d0%be%d0%b2%d0%bf/ итн.

Освен анализа на документацијата, беа направени и 9 интервјуа со членовите и координаторите на работните групи, како од редот на институциите така и од редот на граѓанските организации активно вклучени во процесот на кокреирање на НАП 5 во текот на месец октомври 2022 година.

# АНЕКС I.
## ПРЕГЛЕД НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ОТЧЕНОСТ, ПРОАКТИВНОСТ И ИНКЛУЗИВНОСТ

### Легенда

**ЗЕЛЕНО** = реализирана (завршена)

**ЖОЛТО** = во тек (само доколку се преземени сите потребни чекори и заложбата ќе биде реализирана)

**ЦРВЕНО** = незапочната или започната заложба, но нема напредок во имплементацијата

| Број (исто како во АП) | Назив на заложбата | Назив на акциите | Статус на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.1.** | **Јавно објавување на вистинските сопственици на фирмите што склучиле договори за јавни набавки** | **1.1.1.** Постигнување на договор за критериумот (вредносен праг) за кои договори ќе се објавуваат вистинските сопственици, како и усогласено техничко решение за автоматско преземање на податоците од ЕСЈН<br>**1.1.2.** Објавување на имињата на вистинските сопственици на субјектите носители на јавните набавки | ЖОЛТО |
| **1.2.** | **Проактивно објавување на информации од јавен карактер на веб-страниците на институциите** | **1.2.1.** Воведување обврска за секоја институција – имател на информации, задолжително да информира во својот годишен извештај што го доставува до АСПИ и за спроведување на членот 10 од Законот за слободен пристап, кој ја предвидува обврската имателите да ги објавуваат сите информации од своето работење на своите веб-страници<br>**1.2.2.** Воведување на обврска за АСПИ за објавување збирна информација во својот годишен извештај и за спроведување на членот 10 од Законот за слободен пристап, а врз основа на добиените извештаи од имателите на информации | ЗЕЛЕНО |

| Број (исто како во АП) | Назив на заложбата | Назив на акциите | Статус на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.3.** | **Објавување на основните информации за јавните набавки на веб-страниците на институциите** | **1.3.1.** Креирање на посебен дел (таб) за „јавни набавки“ на веб-страниците на институциите (договорните органи)<br>**1.3.2.** Се објавуваат на веб-страницата на секоја институција (во делот за „јавни набавки“) следниве информации и документи:<br>→ годишен план за јавни набавки (со сите измени и дополнувања);<br>→ огласи за јавни набавки (линкови од објавите од ЕСЈН);<br>→ известувања за склучени договори (линк од објавите од ЕСЈН);<br>→ склучените договори за јавни набавки и<br>→ известувања за реализирани договори (линкови од објавите од ЕСЈН) | |
| **1.4.** | **Унапредување на пристапот до информации и бројот на објавени отворени податоци во единиците на локалната самоуправа (ЕЛС)** | **1.4.1.** Единиците на локалната самоуправа учествуваат во спроведувањето на мерење на отвореноста на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија преку Индексот на отвореност<br>**1.4.2.** Унапредување на знаењата за транспарентност и отворени податоци преку одржување на обуки со претставници на општините<br>**1.4.3.** Обезбедување на директна поддршка на 30 ЕЛС (преку фасилитатори) за унапредување на нивната транспарентност и отвореност | |
| **1.5.** | **Овозможување на бесплатен пристап до податоци за граѓанските организации** | **1.5.1.** Објава на податоци за граѓанските организации во отворен формат на порталот на Централниот регистар, владиниот портал за отворени податоци<br>**1.5.2.** Редовно ажурирање на отворените податоци од претходната точка<br>**1.5.3.** Креирање на работна група за утврдување на влезни критериуми и излезни податоци за граѓанските организации што ќе ги содржат динамичките извештаи | |

| Број (исто како во АП) | Назив на заложбата | Назив на акциите | Статус на реализација |
|---|---|---|---|
| **1.5.** | | **1.5.4.** Овозможување на пристап до динамички извештаи со приспособливи податоци за граѓанските организации за корисниците на буџетот (централна и локална власт)<br>**1.5.5.** Обука и писмени инструкции за корисниците на буџетот (централна и локална власт) за користење на динамичките извештаи<br>**1.5.6.** Користење на динамичките извештаи за граѓанските организации | |
| **1.6.** | **Фискална транспарентност и отчетност на локално ниво и подобрување на вклученоста на граѓаните преку иновативни механизми и алатки** | **1.6.1.** Воспоставување и ставање во функција на електронски табли во 20 општини на кои автоматски ќе бидат објавувани квартални извештаи за реализација на буџетот на општината, обработени на разбирлив начин и пристапни за граѓаните<br>**1.6.2.** Креирање и воспоставување на иновативни алатки за полесен пристап до информации и поттикнување на вклученоста на граѓаните во 20 општини<br>**1.6.3.** Воспоставување на механизам за учество на граѓаните во донесувањето на одлуките и дефинирањето на локалните приоритети, преку соодветна претставеност со акцент на ранливите и маргинализирани групи, во 20 општини | |

# АНЕКС II.

## ИЗВОРИ / МАТЕРИЈАЛИ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА

1. Извештај за индекс на активна транспарентност 2021 година, Центар за граѓански комуникации, https://www.ccc.org.mk/images/stories/akt22.pdf

2. Извештај на Европската комисија за Северна Македонија за 2022 година, https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117#.Y4b6TXbMJPZ

3. Национален акциски план за партнерство за отворена власт 2021-2023 година, NAP5-PARTNERSTVO-ZA-OTVORENA-VLAST-2021-2023-_-potvrden-od-Vlada-26.10.2021.pdf (ovp.gov.mk)

4. Годишни извештаи за работата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, https://aspi.mk/%d0%b4%d0%be%d0%ba%d1%83%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d1%82%d0%b8/%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%bd%d0%b8-%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d0%b8/

5. Државен завод за ревизија, соопштение за медиуми 06.12.2021, https://dzr.mk/mk/210706-50-od-opshtinite-na-veb-portalite-nemaat-soodvetni-informacii

6. Извештај за работата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2021 година, https://aspi.mk/wp-content/uploads/2022/04/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98_MK.pdf

7. Записник и заклучоци од 40-та седница на Влада на РСМ, https://vlada.mk/2022-40

8. Отворени податоци - Централен регистар на РСМ, листа на граѓански организации, https://www.crm.com.mk/mk/otvoreni-podatotsi/gragjanski-organizatsii

9. Анализа на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со препораки за унапредување на системот за слободен пристап до информациите - https://aspi.mk/wp-content/uploads/2022/10/%D0%90%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%97%D0%A1%D0%9F%D0%98%D0%88%D0%9A-%D1%81%D0%BE-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%BA%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D0%BD%D0%B0%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BC%D0%BE%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B1%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%BF-%D0%B4%D0%BE-%D0%B8%D0%BD%D1%84%D0%BE%D1%80%D0%BC%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%B8%D1%82%D0%B5.pdf

10. Индекс на активна транспарентност за 2021 година – https://www.ccc.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=441%3A-2021-&lang=mk

11. Претходни верзии на НАП – https://ovp.gov.mk/%d0%bd%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%be%d0%bd%d0%b0%d0%bb%d0%b5%d0%bd-%d0%b0%d0%ba%d1%86%d0%b8%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d0%bb%d0%b0%d0%bd-%d0%b7%d0%b0-%d0%be%d0%b2%d0%bf/

12. Open Government Awards, 2021, https://www.opengovpartnership.org/open-government-awards/

13. https://www.undp.org/

14. Министерство за локална самоуправа на РСМ, https://www.mls.gov.mk/

15. Електронски систем за јавни набавки, https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/Home.aspx#/home

16. Биро за јавни набавки, https://www.bjn.gov.mk/

17. Open Government Partnership, https://www.opengovpartnership.org/

## КОРИСНИ МАТЕРИЈАЛИ

1. Microsoft Word - for web_2019-21-Design-Report-Template.docx (opengovpartnership.org)

2. Microsoft Word - for web_Implementation-Report-2017-19-APs-template_to-use-updated-12-17-19.docx (opengovpartnership.org)

3. IRM Reports and Analysis (opengovpartnership.org)

4. IRM Guidelines for the Assessment of Minimum Requirements (opengovpartnership.org)

5. NAP5-PARTNERSTVO-ZA-OTVORENA-VLAST-2021-2023-_-potvrden-od-Vlada-26.10.2021.pdf (ovp.gov.mk)

Процесот е поддржан од Секретаријатот на ПОВ како дел од проектот „Поддршка на процесот за спроведување и следење на Националниот акциски план за Отворено владино партнерство 2021-2023“, кој го спроведува Фондација Отворено општество - Македонија во партнерство со Центар за граѓански комуникации и Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, во соработка со Министерство за информатичко општество и администрација